Врз основа на член 22, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, од Статутот на Општина Лозово („Сл. гласник на Општина Лозово бр. 05/02, 29/14, и 73/17), а по предлог на Градоначалникот на Општина Лозово,

Советот на Општина Лозови на седницата одржана на 11.12.2023 година ја донесе следната

## ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО

## И ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО 2024 ГОДИНА

I.Вовед:

Процесот на евроинтеграции ја наметна потребата од развивање на општинските капацитети за подготовка и реализација на проекти финансирани од европските и други меѓународни и домашни фондови. Во 2024 година, Одделението за ЛЕР ќе продолжи со директна реализација на веќе започнатите проекти во периодот 2023-2024 година. Одделението ќе продолжи континуирано да поднесува апликации за нови проекти од интерес на граѓаните на Општина Лозово, во зависност од расположливите фондови и објавените повици. Во текот на 2024 година активно се работеше на изработка на апликација кон отворените повици на домашни и меѓународни фондови.

Во следната 2024 година, главни приоритети на Одделението за ЛЕР се:

- Аплицирање на проекти финансиски поддржани од ЕУ
- Имплементацијата на проектите финансиски поддржани од Центарот за развој на Вардарскиот плански регион
- Поддршка на енергетската ефикасност во домаќинствата и институциите
- Поддршка на работата на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион
- Учество во проекти за подобрување и изградба на нова инфраструктура во општината и во населените места, финансиски поддржани од Бирото за регионален развој и АФПЗРР
- Аплицирање и имплементација на проекти објавени и поддржани од УНДП

## 2. ПРИОРИТЕТНИ ПОТРЕБИ

- Зајакнување на човечките ресурси во Одделението за ЛЕР (екипирање и обуки кои се организираат од домашни и меѓународни донатори и организации)
- Продлабочување на соработката со меѓународни партнери во аплицирањето на заеднички проекти и активности со цел да се обезбедат надворешни средства за приоритетните проекти на Општина Лозово.
- Поддршка на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион и учество во активности и проекти за локален и регионален развој
- Имплементација на мерки од областа на енергетската ефикасност согласно програмата за енергетска ефикасност.
- Имплементација на долгорочните програми и стратегии на Општина Лозово за одржлив развој на општината (Стратегија за ЛЕР, Програма за енергетска ефикасност.)
- Обезбедување на соодветна поддршка за ЈПКД

## 3. ОПИС НА ПРОГРАМАТА

### 3.1 Генерална цел на Програмата :

Планирање на локалниот економски развој засновано на тековни и аплицирани проекти како и активности за обезбедување на континуитет во одржливиот развој на локалната заедница

### 3.2 Специфични цели на Програмата

- Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на апсорпционите капацитети за искористување на европските и други меѓународни фондови со реализација на најмалку еден проекти финансиран од европски или меѓународни фондови во период од 12 месеци
- Искористување на расположиви домашни фондови со реализација на најмалку три проекти финансирани од домашни фондови во период од 12 месеци
- Имплементација на најмалку 3 мерки од долгорочните стратегии за развој на општината во период од 12 месеци

### 3.3 Целни групи

- Граѓани
- Бизнис заедница
- Домашни и странски инвеститори
- Невработени лица
- НВО
- Туристи
- Ученици
- Културни институции

## 6. БУЏЕТ

| рб | Активност | Буџет на Општина Лозово МКД | Надворешни фондови МКД | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изградба на Затворен пазар во Лозово | 2,800,000.00 | 12.794.297.00 | 15.594.297 |
| 2 | Изградба на Канализациона мрежа со анаеробна станица во с. Ѓуземелци, о. Лозово | 00 | 7.200.000.00 | 7,200,000.00 |
| 3 | Проект Општинско корисна работа | 165,000.00 | 660,000.00 | 825,000.00 |
| 4 | Поддршка на Центарот за развој на ВПР | 450,000.00 | 0.00 | 450,000.00 |
| 5 | Европска недела на мобилност | 60,000.00 | 0.00 | 60,000.00 |
| 6 | Биро за регионален развој (Изградба на улица „8“ и во село Дорфулија) | 533.777 | 2,000,000 | 2,668.883.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Партерно уредување и поставување на урбана опрема во централниот дел на селата Дорфулија , Милино и Сарамзалино) | 12.000.000 | | 12.000.000 |
| 8 | Подобрување на инфраструктурата поврзана со спортот и рекреација, преку реконструкција и изградба на детски забавни паркови и поставување на теретани на отворено | 1,000,000 | | 1,000,000.00 |
| 9 | Набавка на теренско возило за ЈПКД | | 1,000,000 | 1,000,000.00 |
| 10. | Финансиска помош за реновирање на пензионерскиот дом во Лозово | 30.000 | | 30.000 |
| | **Вкупно** | **17.038.777** | **23,654,297** | **40.828,180,00** |

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за активностите на Општина Лозово во областа на локалниот економски развој во 2024 година ќе ја имплементира Одделението за ЛЕР во соработка со Одделението за урбанизам, Одделението за животна средина и другите релевантни одделенија во општината како и во соработка со Центарот за развој на Варадарскиот плански регион.

Програмата ќе се спроведува преку проектни тимови од Одделението за ЛЕР во соработка со регионални тимови организирани преку Центарот за развој на Вардарскиот плански

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Лозово“.

Дата:
11.12.2023 година

Совет на општина Лозово
Претседател

_______________

Владе Миланов

Изготвил: Општина Лозово
Советник за Локален економски развој
Убавка Дончевска